Општина Валандово
Република Северна Македонија

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 09-93/1
20.01. 2022 год.
Валандово

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТАТА НА ОПШТИНА ВАЛАНДОВО ВО ДЕЛОКРУГОТ НА МЛАДИ ЗА 2021 ГОДИНА

Валандово, јануари 2022

ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

Ул.„Иво Лола Рибар“ бр.3, 2460 Валандово
Тел. +389 (0)34/382-044
www.valandovo.gov.mk

**Службеник за млади во Општина Валандово:** Владимир Лазов

**Период на известување:** 01.01.2021 – 31.12.2021

## 1. Вовед

Согласно член 23 став 2 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ" бр.10.2020 од 16.10.2020 година) и согласно член 43-е став 2 од Статутот на Општина Валандово, службеникот за млади на Општина Валандово изготвува годишен извештај за работата на Општина Валандово во делокругот на млади за 2021 година.

## 2. Законски обврски

Со донесувањето на сила на Законот за младинско учество и младински политики (ЗМУМП), се наметна потребата за превземање и на некои обврски од истиот, како на национално така и на локално ниво.

Превземени и реализирани законски обврски од Општина Валандово:

- Статутарни измени и дополнувања за усогласување со ЗМУМП,
- Назначување на службеник за млади,
- Формирање на Локален младински совет и
- Изработка на Програма и Буџет за млади за 2022 година во висина од 0,7% од основниот Буџет на Општина Валандово.

За следната година планирани се реализирања на други законски обврски, во зависност од можностите, како што се формирање на канцеларија за млади, младински центар и донесување на локална стратегија за млади.

## 3. Организации

На територијата на општина Валандово се активни над 20 невладини организации кои работат во делокругот на младите, за кои се води посебен регистар, а некои од нив по потреба се поддржувани и финансиски помагани од

Општина Валандово во тековната година по претходно објавен јавен повик за нивни програмски активности.

## 4. Активности за млади на ЕЛС Валандово

Општина Валандово, како институција и градоначалникот како раководно лице на општина Валандово, се иницијатори и учествуваат во повеќе активности кои се однесуваат на тема млади, во кои се јавуваат како организатори, партнери, поддржувачи и како поканети учесници. За сите активности се води посебен регистар (Прилог 1), во кои се евидентираат назив, дата, место и време на активноста.

Во текот на 2021 година се одржаа вкупно 76 евидентирани официјални активности поврзани со млади како што се, официјални настани, јавни дискусии, извршени увиди во инвестиции поврзани со млади, состаноци, информативни сесии и друг вид на активности од кои беа дел и претставници на Општина Валандово.

Меѓу позначајните настани кои се случија, во организација т.е. на кои беа учесници претставници, на ЕЛС Валандово се посетата на Амбасадата на САД во Северна Македонија (септември и декември) на настани на кои се промовираше иницијативата за билатерална соработка на младите од Северна Македонија и Грција именувана како „Соработка за заедничка иднина" анг. „Cooperation for a common future" и отварањето на билатерални канцеларии во двете држави од кои едната е во Валандово и е именувана како инфо поинт „Спојувалка" анг. „Paperclip", процесот на формирање на Локален младински совет на Општина Валандово, Форум за млади во Отешево на Prespa Forum Dialogue, посетата на градоначалничката на Трбовље од Словенија, која е и претседавач на Комитет на региони во ЕУ, Јасна Габриќ на која имаше инфо сесија со млади, тридневен Форум за вмрежување „Зајакнување на младите преку соработка и вмрежување" организиран од Младински Сојуз – Крушево на кој се разработи иницијативата за соработка на младите од Северна Македонија и Грција, итн.

Иницијативата „Соработка за заедничка иднина" анг. „Cooperation for a common future" и билатералната канцеларија или инфо поинт „Спојувалка" анг. „Paperclip" е процес кој трае од потпишувањето на договорот од Преспа помеѓу Република Северна Македонија и Република Грција. Мандатот за спроведување на

овој процес го има Младински Сојуз – Крушево кои имаат за цел да ги зближат младите од двете држави и да ги мотивира кон заедничка соработка.

Други позначајни активности кои беа реализирани се учествата на онлајн дискусии и настани како што се: „Клуб на млади или клуб за млади? Каде треба да биде фокусот?" како дел од програмата "Политичките лидери на иднината - предизвиците на младите во Пост-Ковид-19 општество" организирана од Konrad-Adenauer-Stiftung, Дискусија за зедничките предизвици на младите од Северна Македонија и Грција организирана од Европска Куќа Струмица, Прашања - информации од јавен карактер за млади онлајн настан организиран од Младите можат, Фокус група за вклученост на младите организирано од Тим на SDC (Strategic Development Consulting), две виртуелни тркалезни маси на тема „Младите за заштитата на животната средина" организирани од Секретаријатите за европски прашања во Северна Македонија и Словенија заедно со Министерството за животна средина и просторно планирање, инфо сесија за процесот и постапката на отварање на Младински центри во општините организирана од Сојуз за младинска работа, итн.

Во општина Валандово се одржаа повеќе културно-уметнички настани, а најзначаен е годишниот концерт на КУД „Гоце Делчев" Валандово, на кој настапуваат комплетно млади учесници, кој беше со хуманитарна цел за помош на младо лице од општината. На настанот компанијата RiverSoft / RiverSound од Струмица додели и два ваучери за опремување на домови на две социјално загрозени семејства.

## 5. Податоци од други институции поврзани со млади

Покрај другите надлежности согласно Закон за локална самоуправа со стапувањето на децентрализацијата од 2005 година Општина Валандово ја има надлежноста во образованието и труд и социјална политика.

<u>Податоци за Општина Валандово од областа на образованието</u>
Во општина Валандово има две основни и едно средно училиште и тоа:

- **ООУ „Јосип Броз Тито" – Валандово** (1 централно и 6 подрачни училишта)

Вкупно запишани ученици во учебната 2021/2022 година има 630 ученици (318 машки и 312 женски), во 44 паралелки.

- **ООУ „Страшо Пинџур" – Валандово** (1 централно и 4 подрачни училишта)
  Вкупно запишани ученици во учебната 2021/2022 година има 292 ученици (147 машки и 145 женски), во 20 паралелки.
- **СОУ „Гоце Делчев" – Валандово**
  Вкупно запишани ученици во учебната 2021/2022 година има 202 ученици (105 машки и 97 женски), во 16 паралелки.

**Податоци за Општина Валандово од областа на труд и социјална политика (детска заштита и згрижување)**

На територијата на општина Валандово опстојува една институција за згрижување и воспитување на деца која се наоѓа во градот Валандово. Во склоп на детската градинка „Калинка" работат и објекти - клонови во населените места Пирава, Јосифово, Удово и Брајковци.

- **ЈОУДГ „Калинка" – Валандово** (1 централна градинка и 4 подрачни објекти – клонови)
  Вкупно запишани деца кои се згрижуваат во 2021/2022 одина има 212 деца во 14 паралелки.

**Податоци за Општина Валандово од Агенцијата за вработување на РСМ**

Од вкупно 815 евидентирани невработени лица, до крајот на ноември 2021 година, граѓани на општина Валандово во базата на АВРСМ се евидентирани вкупно 128 млади лица од 15 до 29 години од кои 58 се од машки, а 70 се од женски пол. Според тоа, процентот на младинска невработеност во општина Валандово изнесува 15,7%.

Службеник за млади
во Општина Валандово

# ПРИЛОГ 1

| Реден број | Име на активност | Дата | Време | Место на одржување | Вид на активност | Организатор |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Увид на инвестиции во Дневен центар Валандово | 22.01.2021 | | Дневен центар Валандово | Увид | ЕЛС Валандово |
| 2 | Увид на инвестициите во ПОУ „Гоце Делчев“ Пирава | 03.02.2021 | | ПОУ „Гоце Делчев“ Пирава | Увид | ЕЛС Валандово |
| 3 | Увид на активности во СОУ „Гоце Делчев“ Валандово | 05.02.2021 | | СОУ „Гоце Делчев“ - Валандово | Настан | СОУ „Гоце Делчев“ Валандово |
| 4 | Увид на инвестициите во ПОУ „Старашо Пинџур“ Удово | 17.02.2021 | | ПОУ „Страшо Пинџур“ Удово | Увид | ЕЛС Валандово |
| 5 | Работна средба на тема: "Унапредување на средното стручно образование" во Богданци со Зоран Заев, Мила Царовска, Е.Сибил Сугер и други | 19.02.2021 | | Богданци | Настан | МОН |
| 6 | Работна посета на Директорот на Управата за развој и унапредување на образованието на заедниците, Милутин Станчиќ, во општина Валандово | 23.02.2021 | | ООУ „Страшо Пинџур“ Јосифово | Настан | ЕЛС Валандово |
| 7 | Потпишување на декларација за создавање локална иницијатива за подобро справување со отпадот во општина Валандово | 23.02.2021 | | Онлајн | Иницијатива | Колектив Зет |
| 8 | Работна посета на Министерката за труд и социјална политика, Јагоа Шахпаска, во општина Валандово | 24.02.2021 | | Јосифово и Дневен центар Валандово | Настан | ЕЛС Валандово |
| 9 | Координативен состанок со МОН | 10.03.2021 | | ЕЛС Валандово | Состанок | МОН |
| 10 | Запознавање со идните чекори за формирање локалните младински совети | 19.03.2021 | 12:00 ч. - 13:30 ч. | Онлајн | Состанок | Агенција за млади и спорт |
| 11 | Почеток на изградбата на нова детска градинка во Јосифово | 31.03.2021 | | Јосифово | Промоција | ЕЛС Валандово |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 12 | Резимирање на капитални зафати во ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово за 2020 и 2021 година | 01.04.2021 | | ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово | Состанок | ЕЛС Валандово |
| 13 | Дискусија: Клуб на млади или клуб за млади? Каде треба да биде фокусот? | 16.04.2021 | 11:00 ч. - 13:00 ч. | Онлајн | Настан | Konrad-Adenauer-Stiftung |
| 14 | Присуство на наставен час по Општество во ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово на тема Локална самоуправа | 20.04.2021 | | ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово | Настан | ЕЛС Валандово |
| 15 | Одбележување на денот на планетата Земја | 22.04.2021 | | ЈУДГ „Калинка“ Валандово | Настан | ЈУДГ „Калинка“ Валандово |
| 16 | Работен состанок за новите наставни програми во основното образование | 22.04.2021 | | ЕЛС Валандово | Состанок | ЗЕЛС |
| 17 | Присуство на наставен час по граѓанско образование во ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово на тема Волонтерство | 23.04.2021 | | ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово | Настан | ЕЛС Валандово |
| 18 | Назначен службеник за млади во Општина Валандово | 26.04.2021 | | ЕЛС Валандово | Промоција | ЕЛС Валандово |
| 19 | Одбележување на 5 мај - денот на македонската азбука и македонскиот јазик | 05.05.2021 | | ПОУ „Страшо Пинџур“ Удово | Настан | ПОУ „Страшо Пинџур“ Удово |
| 20 | Увид во градежни активности на новата детска градинка во Јосифово | 17.05.2021 | | Јосифово | Увид | ЕЛС Валандово |
| 21 | Замените се старите и поставени се нови детски реквизити во паркот „Пеонија“ | 19.05.2021 | | Парк „Пеонија“ | Проект | ЕЛС Валандово |
| 22 | Одржана меѓународна кампања на ФИБА „Нејзин свет, нејзини правил“ во Валандово | 26.05.2021 | | Спортска сала „Филип Втори“ - Валандово | Настан | ФИБА |
| 23 | Воведени две нови струки за наредната учебна година во СОУ „Гоце Делчев“ Валандово | 01.06.2021 | | СОУ „Гоце Делчев“ - Валандово | Настан | ЕЛС Валандово |
| 24 | Одбележување на 3 јуни - светскиот ден на велосипедот | 03.06.2021 | | ООУ „Страшо Пинџур“ Јосифово | Настан | ООУ „Страшо Пинџур“ Јосифово |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ВАЛАНДОВО * ВАЛАНДОВО *

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 25 | Посета на ООУ „Страшо Пинџур“ Јосифово по повод распустот на учениците | 10.06.2021 | | ООУ „Страшо Пинџур“ Јосифово | Настан | ООУ „Страшо Пинџур“ Јосифово |
| 26 | Посета на дневен центар Валандово | 11.06.2021 | | Дневен центар Валандово | Настан | Дневен центар Валандово |
| 27 | Поетска вечер во Валандово | 11.06.2021 | 18:00 ч. - 20:00 ч. | Дом на културата „25 мај“ - Валандово | Настан | Дом на културата „25 мај“ - Валандово |
| 28 | Културен настан „Бебули 2“ | 20.06.2021 | 20:00 ч. - 21:00 ч. | Кино сала | Настан | Марин Бабиќ |
| 29 | Промотивен настан за Прирачник на локални младински совети | 30.06.2021 | 11:00 ч. - 13:00 ч. | Онлајн | Настан | Агенција за млади и спорт |
| 30 | Увид во градежни активности во ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово | 21.07.2021 | | ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово | Состанок | ЕЛС Валандово |
| 31 | Промоција на книгата „Силуети“ од Станка Бајлозова Барламова | 28.07.2021 | | Дом на културата „25 мај“ - Валандово | Настан | Станка Бајлозова Барламова |
| 32 | Работна посета во СОУ „Гоце Делчев“ Валандово на градоначалничката на Трбовље, Словенија, Јасна Габриќ | 29.07.2021 | | Валандово | Настан | ЕЛС Валандово |
| 33 | Форум за млади - Prespa Forum Dialogue | 01.07 - 02.07.2021 | | Отешево, Северна Македонија | Настан | МНР |
| 34 | Марија Попова од ООУ „Јосип Броз Тито“ - Валандово и Бојан Иванов од ООУ „Страшо Пинџур“ - Јосифово се ученици на годината | 07.07.2021 | | ЕЛС Валандово | Состанок | ЕЛС Валандово |
| 35 | Увид во градежни активности на новата детска градинка во Јосифово | 15.07.2021 | | Јосифово | Настан | МТСП и ЕЛС Валандово |
| 36 | Дискусија за зедничките предизвици на младите од Северна Македонија и Грција | 23.07.2021 | | Europe House Strumica | Настан | Europe House Strumica |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ВАЛАНДОВО ВАЛАНДОВО

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 37 | Ликовна колонија „Валандово 2021“ | 23.07 - 29.07.2021 | Целодневен | Дом на културата „25 мај“ - Валандово | Настан | Дом на културата „25 мај“ - Валандово |
| 38 | Посета на тренинг на младинските категории на ФК Победа - Валандово | 26.07.2021 | 18:00 ч. - 19:00 ч. | Фудбалски стадион АМС | Состанок | ЕЛС Валандово |
| 39 | Елена Гребенакова и Христијан Ристоманов ученици на генерацијата 2017-2021 во СОУ „Гоце Делчев“ - Валандово | 23.08.2021 | | ЕЛС Валандово | Состанок | ЕЛС Валандово |
| 40 | Доделување на благодарници на практиканти, во ЈЗУ Здравствен дом - Валандово, од средните медицински училишта | 25.08.2021 | | ЈЗУ Здравствен дом - Валандово | Состанок | ЈЗУ Здравствен дом - Валандово |
| 41 | Сотир Собралиев - ученик на генерацијата 2017-2021 во СЕТУГС „Михајло Пупин“ - Скопје | 25.08.2021 | | ЕЛС Валандово | Состанок | ЕЛС Валандово |
| 42 | BALKAN YOUTH DIALOGUE 2021 | 26.08 - 28.08.2021 | | Полихроно, Грција | Настан | Young Liberals Greece |
| 43 | Одбележување на првиот училишен ден | 01.09.2021 | | Основни училишта | Настан | ЕЛС Валандово |
| 44 | Прва - конститутивна седница на ЛСМ | 09.09.2021 | 18:00 ч. - 19:30 ч. | ЕЛС Валандово | Состанок | ЕЛС Валандово |
| 45 | Конститутивна седница на Локално собрание на млади на Општина Валандово | 13.09.2021 | 18:00 ч. - 19:00 ч. | ЕЛС Валандово | Состанок | ЕЛС Валандово |
| 46 | Фестивал на отворено: "Experiencing Cooperation" | 18.09.2021 | Целодневен | Валандово | Настан | Младински Сојуз - Крушево и ЕЛС Валандово |
| 47 | Работна посета на министерката за образование и наука Мила Царовска | 20.09.2021 | | СОУ „Гоце Делчев“ - Валандово | Настан | ЕЛС Валандово |
| 48 | Одбележување на 22 септември - Светскиот ден без автомобили | 22.09.2021 | | Јосифово | Настан | ООУ „Страшо Пинџур“ - Јосифово |
| 49 | Втора седница на ЛСМ | 14.10.2021 | 19:00 ч. - 20:00 ч. | ЕЛС Валандово | Состанок | ЛСМ |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ВАЛАНДОВО ВАЛАНДОВО

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 50 | Средба на службеници за млади и Џуниор Ачивмент Македонија | 27.10.2021 | | Онлајн | Настан | Џуниор Ачивмент Македонија |
| 51 | Саем на книгата во Валандово | 27.10.2021 | Целодневен | Дом на културата „25 мај“ - Валандово | | Дом на културата „25 мај“ - Валандово |
| 52 | Доделување на награди и признанија по повод „6 ноември“ на млади репрезентативки Драгана Гегова и Катерина Петкова | 06.11.2021 | 18:00 ч. - 19:00 ч. | Дом на културата „25 мај“ - Валандово | Настан | ЕЛС Валандово |
| 53 | Валандово спортува и празнува (планинарење, велосипедизам) | 07.11.2021 | Целодневен | Планински предели | Настан | ЗСК „Југоисток“ и „Југ“ |
| 54 | Инфо-сесија за презентирање на иницијативата „Соработка за заедничка иднина“ | 08.11.2021 | 09:30 ч. - 12:00 ч. | СОУ „Гоце Делчев“ - Валандово | Инфо-сесија | Младински Сојуз - Крушево |
| 55 | Прашања - информации од јавен карактер за млади | 08.11.2021 | | Онлајн | Мејл одговор | Здружение на граѓани Младите можат |
| 56 | Erasmus + opportunities for bilateral youth cooperation | 10.11.2021 | | Онлајн | Настан | Cooperation for a Common Future |
| 57 | Фокус група за вклученост на младите | 16.11.2021 | 10:30 ч. - 12:00 ч. | Онлајн | Настан | Тим на SDC (strategic Development Consulting) |
| 58 | Работен состанок за изготвување на Програма за млади со ЛСМ и ЛМС | 21.11.2021 | 18:00 ч. - 21:00 ч. | ЕЛС Валандово | Состанок | ЕЛС Валандово |
| 59 | Тркалезна маса на тема „Младите за заштитата на животната средина“ | 22.11.2021 | 13:00 ч. - 16:00 ч. | Онлајн | Настан | Секретаријат за европски прашања во Северна Македонија и Словенија |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 60 | Виртуелната тркалезна маса на тема „Младите и заштитата на животната средина“ | 23.11.2021 | | Онлајн | Настан | Секретаријат за европски прашања и Министерството за животна средина и просторно планирање |
| 61 | Инфо сесија за процесот и постапката на отварање на Младински центри во општините | 24.11.2021 | 14:30 ч. - 15:30 ч. | Онлајн | Инфо-сесија | Сојуз за младинска работа |
| 62 | Форум за вмрежување „Зајакнување на младите преку соработка и вмрежување“ | 26.11. - 28.11.2021 | Целодневен | Скопје | Форум | Младински Сојуз Крушево |
| 63 | Верификација на мандати на членови на Локален младински совет на Општина Валандово | 29.11.2021 | 12:00 ч. - 13:30 ч. | Совет на Општина Валандово | Одлука | ЕЛС Валандово |
| 64 | Воведена нова субвенција за запишување на ученик во прво одделение | 29.11.2021 | 12:00 ч. - 13:30 ч. | Совет на Општина Валандово | Одлука | ЕЛС Валандово |
| 65 | Увид во практична настава на учениците од земјоделската струка при СОУ „Гоце Делчев“ Валандово | 29.11.2021 | | СОУ „Гоце Делчев“ - Валандово | Увид | ЕЛС Валандово |
| 66 | Футсал турнир во женска категорија за основни училишта за зона Велес | 02.12.2021 | | Спортска сала „Филип Втори“ - Валандово | Настан | Училишен спортски клуб Валандово |
| 67 | Одбележување на 3 декември - Ден на лицата со попреченост | 03.12.2021 | 10:00 ч. - 11:00 ч. | ТППЕ Валандово | Настан | ТППЕ Валандово и Дневен центар |
| 68 | Работилница за климатските промени | 03.12.2021 | 10:00 ч. - 14:00 ч. | Хотел „Глигоров“ - Струмица | Работилница | Министерство за животна средина и просторно планирање. |
| 69 | Инфо-сесија во Валандово за работата на RYCO, ОБСЕ и Агенцијата за млади и спорт | 06.12.2021 | 15:00 ч. - 16:15 ч. | Дом на културата „25 мај“ - Валандово | Инфо-сесија | RYCO |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 70 | Одбележување 100 години од раѓањето на Блаже Конески | 17.12.2021 | 14:00 ч. - 15:00 ч. | Дом на културата „25 мај“ - Валандово | Настан | Дом на културата „25 мај“ - Валандово |
| 71 | Посета на Амбасадорката на САД во Северна Македонија Н.Е. Кејт Мари Брнз во Валандово (СОУ „Гоце Делчев“ и инфо поинт „Спојувалка“) | 20.12.2021 | 11:30 ч. - 12:30 ч. | Дом на културата „25 мај“ - Валандово | Настан | Младински Сојуз - Крушево |
| 72 | Јавна дискусија за отварање на младински центри во општините во Северна Македонија | 22.12.2021 | 10:30 ч. - 12:00 ч. | Онлајн | Настан | Support to Electoral Reforms |
| 73 | Координативен состанок со Europe House и НВО сектор од Валандово | 22.12.2021 | 11:30 ч. - 12:30 ч. | Дом на културата „25 мај“ - Валандово | Настан | Europe House Strumica |
| 74 | 75 јубилеен концерт на КУД „Гоце Делчев“ - Валандово | 24.12.2021 | 18:30 - 20:00 ч. | Фестивалска сала „Јанко Узунов“ - Валандово | Настан | КУД „Гоце Делчев“ - Валандово |
| 75 | Поделување новогодишни пакетчиња во детските градинки и основните училишта низ општината | 29.12.2021 | Целодневен | Општина Валандово | Настан | ЕЛС Валандово |
| 76 | School Bazaar 2021 | 30.12.2021 | 11:00 ч. - 13:00 ч. | Плоштад Валандово | Настан | ООУ „Јосип Броз Тито“ - Валандово |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ВАЛАНДОВО ВАЛАНДОВО